Уп. бр. 10-44

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 став (10) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14 53/16 и 83/18) и член 124 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од Дирекција за технолошки индустриски развојни зони на седницата одржана на ден 03.10.2024 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Предлогот Уп.бр.10-44 од 24.09.2024 година (бр. 13-1207/1 од 24.09.2024 година) на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.10-73 од 26.05.2023 година, СЕ ПРИФАЌА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ НЕГОВОТО ИЗВРШУВАЊЕ ВООПШТО НЕ Е МОЖНО.

**О б р а з л о ж е н и е**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 24.09.2024 година достави допис бр.13-1207/1 (наш број 10-44 од 24.09.2024) со предлог до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК ) да го огласи за ништовно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.10-73 од 26.05.2023.

Во дописот, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони наведува дека во врска со Решението на КЗК Уп.бр. 10-73 од 26.05.2023, за доделување на планираната регионална помош на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, ја известува КЗК дека заклучно со датумот на дописот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со предлог за огласување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023 за ништовно, Договорот за доделување на државна помош не бил склучен.

Исто така, во дописот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, се наведува дека не постои можност за извршување на Решението.

Од наведените причини Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на 24.09.2024 година достави предлог со кој бара КЗК да го огласи за ништовно Решението на КЗК Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023.

По разгледување на предлогот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за огласување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023 за ништовно, КЗК утврди дека:

КЗК со Решение Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023 година утврдила дека мерките содржани во Известувањето за планирано доделување на помош и дополнителните информации за формата за известување за регионална помош, претставуваат доделување на државна помош како регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10).

Во предлогот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни е наведено дека Договорот за доделување на државна помош на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје воопшто не бил склучен како и тоа дека не постои можност за извршување на Решението на КЗК Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023. КЗК ова го прифаќа како причина поради која Решението на КЗК Уп. бр. 10-73 од 26.05.2023 година не може воопшто да се изврши и истото го огласува за НИШТОВНО.

Врз основа на горенаведеното КЗК одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Ана Николоска**